акад. Владо Камбовски

До
Одделението за општествени науки на МАНУ

**Предлог за избор на проф. д-р Владо Поповски**

**за почесен член на Македонската академија на науките и уметностите**

Чест ми е, на Одделението за општествени науки на МАНУ да го предложам проф. д-р Владо Поповски за кандидат за избор за почесен член на Академијата, како признание за неговите посебни заслуги во развојот на Република Македонија како самостојна и суверена држава, за развојот на современата македонска политичка и правна мисла и за придонесот кон историографските истражувања на македонското национално-ослободително движење и на државно-правната историја на современата македонска држава.

**Биографија**

Проф. д-р Владо Поповски е роден на 21 септември 1941 година, во Долно Дупени, Ресенско. Основно образование завршил во Штип, како и два класа гимназија, а последните два класа гимназија со одличен успех во Скопје. Во 1965 година, дипломирал на Правниот факултет во Скопје. Магистерски студии по политички науки завршил во Институтот за социолошки и политичко-правни студии во Скопје, каде што магистрирал на тема: „Политичките институциии и општествено-политичките системи на Стара Грција“. Докторирал на Филозофскиот факултет при УКИМ – Скопје, на Институтот по историја, на тема: „Национално-политичкиот профил на македонското ослободително движење до ТМОРО“, стекнувајќи докторат по историски науки.

Со својата професорска кариера почнал на Институтот за социолошки и политичко-правни студии, со изборот во асистент и научен соработник, а продолжил на Филозофскиот факултет при УКИМ – Скопје, како виш предавач и вонреден професор. По изборот во вонреден, а потоа и во редовен професор на Правниот факултет при УКИМ, држел настава по предметите: Наука за политиката, Политички систем на СФРЈ и Политичка социологија, на Филозофскиот факултет, и Историја на правото, Современа европска и македонска историја (XIX и XX век), Историја на дипломатијата, на Правниот факултет во Скопје – на правните студии, на политичките студии и на студиите по новинарство. Бил шеф на Катедрата по Историја на правото и римско право; раководител на Политичките студии при Правниот факултет; и декан на Интерфакултетските студии по новинарство. Бил член на Сенатот на УКИМ, како и член на матичните комисии за формирање на Воената академија „Михајло Апостолски“ и на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Научна и публицистичка дејност**

Професор Поповски има создадено импресивен научен и публицистички опус, кој опфаќа 16 самостојни и 49 коавторски книги; 9 зборници на документи со уводни студии, повеќе од 150 статии во домашни и странски списанија; повеќе од 30 осврти, критики, рецензии, сценарија за документарни филмови од областа на македонската историја; повеќе од 70 дела од областа на публицистиката. Освен на македонски јазик, научните трудови се објавувани и на албански, бугарски, српски, руски, турски, украински и англиски јазик. Негови научни трудови се препорачани како референтна литература на три странски државни универзитети. Добитник е на Републичката награда за наука „Гоце Делчев“ од областа на историските науки.

Еден селективен преглед на неговите најзначајни дела јасно ги омеѓува котите на полето на неговиот научен интерес, што го илустрира неговиот огромен научен придонес кон историјата, опстојот и перспективите на македонската држава (поширок преглед е содржан во неговата Билбиографија, дадена во прилог). Тоа се делата: „Социјално-политичкиот живот и политичките институции – огледи за политичката пракса на Стара Грција“, Скопје: ИСППИ, 1975; Македонското национално-ослободително движење до ТМОРО“, Скопје: *Македонска книга*, 1989; Албанското национално-ослободително движење (1830 – 1912)“, Св. Николе: МЦСП, 2012 (монографија); „Lëvizja combëtare çlirimitare Shqiptare (1830 – 1912)“, Tetovë: Universiteti Shtetëror i Tetovës, 2012, Tiranë: Shtëpia Botuese „55“, 2018; „Руската и советската надворешна политика и македонското прашање“, Скопје: *Макавеј*, 2013; „Христо Матов“, Скопје: ДАРМ и „Македоника литера“, 2015; „Христо Татарчев“, Скопје: Филозофски факултет при УКИМ, 2016; „Изборите и јакнењето на општествено-политичката улога на избирачкото тело“, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 1968; „Илинденското востание. Ilindenski ustanak. The Ilinden Rebellion“, превод на англиски: Мирјана Органџиева; превод на српски: Благоја Трајковски, Скопје: Новинско-издавачка установа „Заштита“, 1971; „Македонското национално-ослободително движење до ТМОРО“, Скопје: *Македонска книга*, 1989; „Изборите и положбата на граѓаните во изборниот процес“, Скопје, 1994; „Правилата – Уставот на Македонскиот востанички комитет во Кресненското востание“, Скопје: ИСППИ, 1978 (коавторство); „Македонската лига и Уставот за идното државно уредување на Македонија од 1880 година“, Скопје: *Мисла*, 1985 (коавторство); „Теорија и практика на делегатскиот систем“, Скопје: ИСППИ, 1988 (коавторство); „Општините во Република Македонија“, Скопје: *Мисла*, 1999 (коавторство); „Македонското прашање во документите на Коминтерната“, Скопје: *Ѓурѓа*, т. 1., д. 1, 1999 (зборник од документите); „Историја на македонскиот народ“, Скопје: ИНИ, т. 3, 2003 (коавторство); „Општините во Република Македонија (според новиот Закон за локална самоуправа и за територијална поделба на Р Македонија)“, Скопје: ИБДЦ, 2006 (коавторство); „Македонското прашање во советската надворешна политика (1922 – 1940)“, Проект на Историско-документарниот департман на МНР на Руската Федерација, Правен факултет „Јустинијан Први“ и Историски факултет при Московскиот државен универзитет „М. В. Ломоносов“, Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“, 2008 (зборник од документи); „Руската и советската надворешна политика и македонското прашање (од крајот на XVIII век до четвртата деценија на XX век)“, Скопје: *Макавеј*, 2013; „Огледи за македонската интелигенција“, Скопје: *Макавеј*, 2015 (коавторство); „Локалната самоуправа и територијалната поделба на Република Македонија“, Скопје: Макавеј, 2016; „The creation of the modern Macedonian state“, Скопје: *Македоника литера*, 2016 (коавторство); „Огледи за историјата на македонскиот народ. XIX – XXI век“, Скопје, 2023; „Македонската борба за државност меѓу Сцила и Харибда“,

Скопје, 2025; „Огледи за македонската национална историја, XVIII – XXI век“, Скопје: *Менора*, 2025.

Неговите научни прилози се објавувани во голем број домашни и странски списанија: „Погледи“, „Дијалог“, „Дијалог-бис“, „Форум-аналитика“, „Vizione“, „Трета програма“, „Политичка мисла“, „Магазин 21“, „Гласник“ (Институт за национална историја), „Македонско време“ и др.; „Гледишта“ (Србија), „Социјализам“ (Србија), „Идеје“ (Србија); „Определења“ (Босна); „Исторически преглед“ (Бугарија); „Новая и новейшая история“ (Русија), „Вестник Московского университета“ (серия 11 – право и серия 8 – история) (Русија) итн.

Оцената на научниот придонес на проф. Поповски кон нашата современа историска, политичка и правна мисла може да биде сумирана низ три констатации. Прво, проф. Поповски е исцело посветен на сложениот процес на појавата, созревањето и плодотворноста на Македонското национално ослободително движење, продлабочувајќи ја природната поврзаност помеѓу неговата политичка и националноосознателна димензија, без која тоа не можело да резултира со создавањето на современата македонска држава. Неговите дела ја продлабочуваат научната експлорација на сите непобитни историски факти што ги потврдуваат македонскиот национален идентитет и историски легитимното создавање на македонската држава, на која биле посветени академиците Александар Христов, Иван Катарџиев, Манол Пандевски и другите наши водечки историчари со кои соработувал проф. Поповски. Неговите дела го зацврстуваат најмоќниот бедем на заштита на македонските национални интереси пред жестоките политички надворешни или внатрешни манипулации. Второ, во фокусот на својот научен интерес, проф. Поповски ги внесува демократските процеси и политичките институции и односи кои имаат клучно значење за развитокот на Републиката како стабилна држава, посебно нагласувајќи ги граѓанската партиципација и потребата од обезбедување консензус помеѓу политичките партии околу најзначајните прашања за севкупниот општествен развој. Перспективите на тој развој, проф. Поповски ги гледа во забрзување на процесите на евроатлантските интеграции. И трето, проф. Поповски, во своите научни и публицистички трудови и на многубројните јавни настапи, им посветува посебно внимание на меѓуетничките односи, чии стабилност и заснованост врз принципите на толеранција, почитување на македонскиот национален идентитет и на идентитетот на деловите од други народи кои живеат во Републиката, ги смета за основен услов за стабилна и просперитетна иднина на македонското општество.

Неговите погледи за клучните прашања на историјата и за развојот на македонската држава ѝ се општопознати на најшироката јавност со која тој комуницира низ своите многубројни настапи, документарни ТВ-емисии и други медиуми, остварувајќи влијание примерено на врвни интелектуалци.

**Од научни погледи кон јавен активизам**

Проф. Поповски е ангажиран интелектуалец во вистинската и во најдобрата смисла на тој збор, кој подразбира континуиран напор за преточување на своите научни стојалишта во дело, секогаш повикувајќи се на принципот на научната вистина и без политики или

идеолошки предрасуди или приклонување кон непринципиелни влијанија. Таа негова одлика ја развива во текот на својата професионална кариера и живоен позив, почнувајќи од студентските денови. Бил претседател на Сојузот на студенти на Македонија (1964 – 1965); член на Претседателството на Сојузот на студенти на Југославија (1964 – 1965); член на Претседателството на ЦК на Народната младина на Македонија; учествувал во пет сојузни работни акции; бил главен и одговорен уредник на списанието „Дијалог“ (Скопје) и член на Редакцијата на списанието „Идеи“ („Идеје“) (Белград).

Својата определба за политички ангажман, мотивиран со остварувањето на своите определби во интерес на општеството, проф. Поповски ја става исцело во служба на прогласувањето на самостојноста и на независноста на Република Македонија и на нејзиниот развој како демократска правна држава. Тој бил еден од тројцата автори на работниот текст на Уставот на Р Македонија, донесен на 17 ноември 1991 година, како и еден од тројцата овластени застапници на претседателот на Р Македонија, Киро Глигоров, како предлагач за донесување на нов Устав на Р Македонија, во постапката за негово донесување пред Уставната комисија на Собранието на Р Македонија и во постапката на Собранието. Исто така, Поповски бил еден од двајцата советници на претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски, при донесувањето на Охридскиот рамковен договор, и еден од двајцата негови застапници во постапката пред Уставната комисија на Собранието и пред Собранието при донесувањето на амандманите на Уставот на Р Македонија предложени од претседателот Трајковски врз основа на Охридскиот рамковен договор. На двајцата споменати претедатели на Република Македонија, како и на премиерот Никола Груевски, извесно време, им бил советник за правни и политички прашања. Во два мандата бил член на Советот за безбедност на Македонија од редот на членовите што ги именува Претседателот на Републиката.

Проф. Поповски извршувал значајни функции во извршната власт. Во Владата на Република Македонија двапати бил министер за одбрана (септември 1992 – декември 1994 година и ноември 2001 – ноември 2002 година). Тоа е времето во кое Републиката беше соочена со сериозни безбедносни предизвици, доведени до рамништето на вооружен судир и на сериозно загрозување на нејзиното постоење. Во периодот декември 1994 – април 1997 година, ја вршел функцијата министер за правда, и во тој период е извршена првата реформа на судскиот систем, со донесувањето на повеќе основни закони (за судовите, Судскиот совет, Јавното обвинителство, Кривичен законик, Законик за кривична постапка итн.), а сето тоа со негово извонредно ангажирање и отвореност за соработка со академската заедница и со претставниците на правната струка. Проф. Поповски бил прв директор на Агенцијата за разузнавање на Македонија (од април 1997 до март 1999 година), и во тој период оваа агенција била основана и образувана како посебна установа во правниот и уставниот систем на Република Македонија, од посебно значење за системот за безбедност и за стабилноста на државата.

Сите овие најодговорни функции, примерени на неговиот научен, интелектуален и човечки профил, проф. Поповски ги извршувал на најефикасен, најодговорен и најсовесен начин, не оставајќи никогаш ни трага за сомневање за незаконитост или за злоупотреба на функцијата. Со таквиот однос кон својата држава и со важноста на функцијата што поединецот треба да ја врши во јавен интерес, проф. Поповски останува пример за кој било носител на јавна функција.

**Предлог**

Врз основа на изложените аргументи, ми претставува посебна чест, на Одделението за општествени науки на МАНУ да му предложам да го утврди проф. д-р Владо Поповски за кандидат за избор за почесен член на Академијата, оддавајќи му со тоа признание за неговиот врвен придонес кон развојот на македонската научна мисла и на македонското општество.

7 август 2025 година

Скопје, Предлагач

акад. Владо Камбовски

**РЕЦЕНЗИЈА**

**за избор на проф. д-р Владо Поповски за почесен член на Македонската академија на науките и уметностите**

Одделението за општествени науки на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), на седницата одржана на 21 јули 2025 година, ме определи за рецензент на кандидатот **проф. д-р Владо Поповски,** за негов избор за почесен член на Македонската академија на науките и уметностите. Оваа рецензија е напишана согласно со Законот на Македонската академија на науките и уметностите и Статутот на Македонската академија на науките и уметностите, како и согласно со Правилникот за постапката за избор на членови на МАНУ и на Правилникот за критериумите за избор на членови на МАНУ.

Проф. д-р Владо Поповски е проминентен универзитетски професор, експерт во областа на правно-политичките науки, автор на значајни трудови од областа на историјата (посебно на поновата македонска историја) и познат општественик.

Кандидатот Владо Поповски има извонредно успешна ***универзитетска кариера.*** Тој дипломирал на Правниот факултет при УКИМ во Скопје во 1965 година. Магистерски студии по политички науки завршил на Институтот за социолошки и политичко-правни студии во Скопје, а докторирал на Филозофскиот факултет при УКИМ во Скопје, на Институтот за историја. Како асистент и научен соработник работел во Институтот за социолошки и политичко-правни студии, како виш предавач и вонреден професор на Филозофскиот факултет при УКИМ во Скопје, а како вонреден и редовен професор на Правниот факултет при УКИМ во Скопје. Тој ги предавал предметите Теорија на државата и правото; Наука за политиката; Политичка социологија; Политички систем на СФРЈ; Историја на правото; Современа европска и македонска историја (XIX и XX век); Историја на дипломатијата. Како универзитетски професор извршувал значајни и одговорни функции во рамките на Факултетот – раководител на катедрата по Историја на правото и Римско право; раководител на студиите по политички науки; декан на Интердисциплинарните студии по новинарство при УКИМ; член на Универзитетскиот сенат.

Низ годините, проф. д-р Владо Поповски постигнал одлични резултати во ***научноистражувачката и стручната дејност.*** Неговата библиографија е вонредно богата и опфаќа повеќе од 140 статии;16 монографии; 9 коавторски книги; 9 зборници на документи со уводни студии; повеќе од 30 осврти, критики, рецензии, сценарија за документарни филмови од областа на македонската историја; повеќе од 70 дела од областа на публицистиката и сл. Неговите научни трудови се објавувани во домашни и во странски списанија, при што трудовите објавени во странски списанија се препорачани како испитна литература за наставни предмети на седум странски универзитети. Трудовите се пишувани на македонски, албански, турски, бугарски, српски, англиски, француски и руски јазик. Овој факт придонел кандидатот проф. д-р Владо Поповски да стане препознатлив научен работник и надвор од нашата земја, во регионот и пошироко.

Иако основната научна преокупација на проф. д-р Владо Поповски е во областа на правните науки (во смисла што заедничка карактеристика на правните науки е изучувањето на правото и државата), паѓа в очи интердисциплинарната димензија на неговите научни истражувања, т. е. изучувањата на значајни социолошки, политички, дипломатски и други аспекти при третманот на значајни правни концепти и прашања. Надвор од контекстот на испитување на правната наука како наука за државата и правото, спаѓаат и неговите истражувања во областа на поновата историја на македонскиот народ – од XIX до XXI век.

Во оваа група трудови спаѓаат и следниве библиографски единици на кандидтот д-р Поповски: *Илинденското востание. Ilindenski ustanak. The Ilinden Rebellion*; *Македонското национално-ослободително движење до ТМОРО; Руската и советската надворешна политика и македонското прашање (од крајот на XVIII век до четвртата деценија на XX век)*; *Огледи за историјата на македонскиот народ. XIX – XXI век*; *Македонската борба за државност меѓу Сцила и Харибда*. Скопје, 2025 и др.

Проф. д-р Владо Поповски, како универзитетски професор, научник и експерт има реализирано и богата ***општествено-политичка, консултативна и советничка активност.*** Имено:

- Кандидатот проф. д-р Владо Поповски, во периодот од септември 1992 до септември1994 година и од ноември 2001 до ноември 2002 година, ја извршувал функцијата министер за одбрана на Република Македонија. Во периодот од декември 1994 до март 1997 година бил министер за правда на Република Македонија. Тој е и основач и директор на Агенцијата за разузнавање на Република Македонија – од март 1997 до април 1999 година. Споменативе функции му биле доделени како на универзитетски професор и експерт, а не како на припадник на политички партии.
- Понатаму, професор Поповски е еден од тројцата автори на работниот текст на Уставот на Република Македонија и еден од тројцата овластени застапници на Претседателот на Републиката, кои го бранеа нацртот и предлогот на Уставот пред Уставната комисија на Собранието на Република Македонија и пред самото Собрание, сè до неговото донесување на 17 октомври 1991 година.
- Професор д-р Владо Поповски бил и советник на Претседателот на Републиката од јануари 1992 до 3 септември 1992 година и од 2002 до 2004 година.

На крај, ќе истакнам дека проф. д-р Владо Поповски, низ годините, соработувал и со Македонската академија на науките и уметностите, учествувајќи на научни настани организирани во МАНУ, понатаму, по покана на Центарот за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев" на МАНУ, имал свои предавања на интересни теми поврзани со значајни настани од историјата на македонскиот народ и сл.

Врз основа на сè што е досега кажано за кандидатот проф. д-р Владо Поповски, како и врз основа на сублимираните оцени за неговата универзитетска, образовна, научноистражувачка, експертска и советодавна дејност, поместени во оваа рецензија, ми претставува задоволство и чест ***да му предложам на Одделението за општествени науки на МАНУ и на Собранието на МАНУ да го изберат проф. д-р Владо Поповски за почесен член на Македонската академија на науките и уметностите.***

Скопје, август 2025 година

Рецензент

акад. Таки Фити